# Употреба на органски семиња и садници

| | | |
|---|---|---|
| 1 | **Цели** | Посебни барања кои се однесуваат на користење на органски семиња и садници според Законот за органско земјоделско производство на РМ |
| 2 | **Позадина** | Органските стандарди бараат користење на семиња и садници од органско потекло. Сепак, во некои земји, таквите материјали не се лесно достапни. Така, потребно е да се дефинираат постапките за примена на стандардите во тие земји. |
| 3 | **Нормативна рамка** | Според Законот за органско земјоделско производство-<br>Член 16 Правила и постапки за употребување на семенски и саден материјал-<br>*(1) Семенскиот и саден материјал кој се употребува во органското растително производство мора да биде произведен според принципите на органското земјоделско производство.*<br>*(2) Доколку органски репродуктивен материјал не е достапен на пазарот во Република Македонија може да се користи семенски и саден материјал од неорганско потекло, над кој не е спроведен третман со производи за заштита кои не се дозволени за употреба во органското земјоделско производство и само со одобрување на контролното/сертификациското тело. Корисникот треба да приложи доказ дека немал на располагање органски материјал.*<br>*(3) Министерството, врз основа на годишните извештаите од контролните/сертификациските тела објавува годишна Листа на репродуктивен растителен материјал од видови кои се наоѓаат во редовно производство кои можат да се употребат во органското растително производство.Таа листа треба да е изработена согласно Правилник за формата, содржината и начинот на водење на евиденциите и базите на податоци за субјектите и за органски семенски и саден материјал.* |
| 4 | **Термини** | • Садници: сите вегетативни материјали за садење.<br>• органските семиња и садници треба да се добиени од растенија одгледувани, според правилата за органско производство.<br>• Неоргански нетретирани семиња: конвенционални семиња кои при производството не се третирани со недозволени за органското производство инпути. |
| 5 | **Политика** | |
| 5.1 | **Постапување** | • Култури произведени од неоргански нетретирани семиња може да бидат сертифицирани . Операторот сепак мора да побара дозвола за користење на неоргански семиња, пред садење.<br>• Во случај ако се користени неоргански семиња, додека органските семиња се достапни во државата, односната култура ќе се суспендира |
| 5.2 | **Семиња со хемиска обработка (третман)** | Ако фармер користи хемиски третирани семиња, и покрај тоа што нетретирани семиња се достапни, на ова мора да се гледа како на третирање со недозволени супстанции, и парцелата треба да ја отпочне конверзијата одново. |
| 6 | **Поврзани документи** | План за органско управување на растително производство |